## ДОДАТОК XIII

# РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Друштво за рециклирање на хартија и**
**остатоци од хартија „ПЕЈПАР МИЛ“ ДОО Кочани**
**Барање за А - интегрирана еколошка дозвола**

**ДОДАТОК XIII**

# РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

## СОДРЖИНА

ДОДАТОК XIII - РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ ........... 1

XIII.1. Престанок со работа ........ 3

XIII.2. Потребни финансиски средства ........ 3

### XIII.1. Престанок со работа

Во случај на потреба од престанок на работа на инсталацијата "Пејпар Мил" за рециклирање на стара хартија и остатоци од хартија, предвидено е превземање на следните активности:

- Престанок на целото производство,
- Целокупниот готов производ ќе се складира во магацин за готови производи,
- Останатите суровини и амбалажен материјал ќе се складираат во магацин за суровини и амбалажа,
- Недоработениот производ ќе се измери и собере во соодветни затворени садови, кои ќе се обележат соодветно,
- Сите складирани хемикалии и отпад на локацијата ќе бидат отстранети,
- Машините ќе се исклучат и соодветно ќе се исчистат,
- Целокупната процесна опрема ќе се исчисти, демонтира и соодветно ќе се означи и складира се до нејзина продажба,
- Доколку не може да се најде купувач на старата процесна опрема истата ќе се отстрани или рециклира преку соодветни овластени фирми,
- Создадениот отпад како палети, картон, стари машини ќе биде продаден (овластени постапувачи со отпад, идни производители на кои ќе им бидат потребни овие машини),
- Работните простории ќе се исчистат и затворат,
- Возилата од возниот парк ќе се продадат,
- Котелот ќе се испразни, исчисти и ќе се стави на продажба,
- Локацијата и објектите на неа ќе бидат оставени во безбедна состојба, а доколку се случи истите да не се употребуваат подолг временски период соодветно ќе се одржуваат,
- Сите простории кои понатаму нема да се употребуваат ќе се пломбираат,
- Целокупната документација поврзана со работењето на инсталацијата ќе биде складирана и архивирана.

### XIII.2. Потребни финансиски средства

Потребните финансиски средства за спроведување на активностите за затварање на инсталацијата се прикажани во табелата која следи:

**Финансиски импликации од спроведување на активностите за затварање на инсталацијата и ремедијација**

| Бр. | Тип на активност | Потребни финансиски средства (еуро) |
|---|---|---|
| 1 | Подготовка на План за демонтажа на опрема и План за управување со хемикалиите по престанок со работа | 5.000,00 |
| 2 | Отстранување на хемикалии, суровини и енергенси | 150.000,00 |
| 3 | Чистење, демонтирање и складирање (конзервирање) на процесната опрема | 450.000,00 |
| 4 | Чистење на згради, бетонски и асфалтни површини | 280.000,00 |
| 5 | Пречистување на водите од перењето на опремата | 100.000,00 |
| 6 | Пост мониторинг на животна средина | 150.000,00 |
| | **Вкупно** | **1.135.000,00** |